# ОПШТИНА ОХРИД

# ПРАВИЛНИК
## за уредување на начинот на користење и располагање со

# големата сала на општина Охрид

**ПРАВЕН ОСНОВ: Одлука за уредување на начинот на користење и располагање со големата сала на општина Охрид бр.08-14468/101, донесена од страна на Советот на општина Охрид на ден 04.12.2024 година.**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредува начинот на користење и располагање со големата сала на општина Охрид како и начинот на кој ќе се врши уплата на надоместокот за користење на сала.

**Член 2**

Како корисници на големата сала во општина Охрид, може да се јават**:** Здруженија на граѓани, фондации, други правни субјекти и организации,политички партии, организатори на комерцијални настани, организатори на изложби, промотори на книги,работилници, обуки како и лица кои склучуваат граѓански брак.

**Член 3**

**Висината на надоместокот за користење на големата сала**

1.Здруженија на граѓани, фондации, други правни субјекти и организации,политички партии, организатори на комерцијални настани, организатори на изложби, промотори на книги,работилници, обуки **- 3000,оо денари**

2. надомест за склучување на брак во работен ден **-500,оо** денари и

3. надомест за склучување на брак во неработен ден-**1000,оо** денари.

Надоместокот за користење на салата ќе се плаќа по настан.
Максималното времетраење на настанот ќе изнесува 3(три) часа.
Податоци за плаќање на надоместокот за користење на општинската сала:

| | |
|---|---|
| Цел на дознака | Административна такса за користење на општинската сала |
| Назив и седиште на примач: Буџет на Р.С.М; Примач: Народна банка на РСМ, | |
| Сметка на буџетски корисник | 100000000063095 |
| Уплатна сметка | 840-152-06553 |

| | |
|---|---|
| Приходна шифра и програма | 723 914 00 |

**Член 4**

Барателот, најкасно 3 до 5 дена пред одржување на настанот/склучување на граѓански брак, преку Архивата поднесува барање до општина Охрид(образецот е прикачен на општинската веб страна). Во прилог на барањето доставува доказ за извршена уплата на надоместок. Во барањето ја наведува потребата и терминот на одржување.

Како денови за склучување на граѓански бракови се определуваат: понеделник и среда како работни денови(од 12 до 16 часот) и сабота како неработен ден( од 12-18 часот).

**Член 5**

Корисникот на просторија е должен во текот на изведување на настанот, да се грижи за општинската сала како добар домаќин (да води сметка за хигиената, да не предизвикува штета..). Предизвиканата штета за врематраење на настанот ќе биде одговорност на корисникот. Истата ќе биде констатирана во записник и корисникот кој ја предизвикал ќе биде обврзан истата да ја санира во рок од 5(пет) дена сметано од денот на нејзиното настанување.

За времетраење на настанот, лице од редот на вработените во општината, назначено од Градоначалникот ќе врши надзор над користењето на салата.

**Член 6**

Средствата остварени од давањето на користење на големата сала во општинска сопственост се приход на Буџетот на општината и ќе се користат за тековно одржување на салата.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден веднаш од денот на негово донесување.

**Градоначалник,**

**Кирил Пецаков**

**До**
**Општина Охрид**

**БАРАЊЕ**
**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОПШТИНСКА САЛА**

Име и презиме/Назив ________________________________________________

Адреса ________________________________________________

Телефон ________________________________________________

Барам да ми се одобри користење на општинската сала на

Датум ______________ година, од ___ :___ часот, до _____:______часот.

Општинската сала ќе се користи за следнава потреба:

________________________________________________

________________________________________________

________________________________________________

Охрид,______________ година

БАРАТЕЛ

____________________

**Уплата ПП50 образец – 500/1000/3000 денари**
**Цел на дознака: Административна такса за користење на општинска сала**
**Назив и седиште на примач: Буџет на Р.С.М.**
**Примач: Народна банка на РСМ , Сметка: 100000000063095**
**Уплатна сметка: 840-152-06553**
**Приходна шифра и програма 723-914-00**